АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ



# NEWSLETTER

**Февруари, 2019г.** **Бр. 02/2019**

## Донесена Методологија за мониторинг на изборното медиумско претставување за време на изборни процеси

Советот на Агенцијата согласно Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик од 5 февруари 2019 година, на 7-та седница за 2019 година, ја донесе Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборни процеси. Во Методологијата се содржани сите релевантни одредби за медиумското претставување за време на избори и се прецизира начинот на кој Агенцијата го врши мониторингот.

## Радијата добија можност доброволно да пријават емитување домашна музика

Во врска со законската можност на радијата за доброволно пријавување процент на емитување домашна музика, Советот на Агенцијата, на 4 февруари донесе Насоки, со кои се утврдуваат роковите за пријавување, жанрот и времето за емитување на музика. Агенцијата ги информираше радиодифузерите дека за оваа година, крајниот рок за пријавување е 8 февруари 2019 година.

Радијата кои доброволно пријавија колкав процент (од 10% до 30%) музика на македонски и на јазиците на етничките заедници, ќе емитуваат на дневно ниво добија намалување на надоместокот за дозвола, соодветно на пријавениот процент.

## Законските измени не ја унапредуваат регулацијата на медиумите и нивната слобода

На 6 февруари, Агенцијата преку соопштение за јавност реагираше на донесените законски измени во Собранието на РМ, каде повторно, и тоа по скратена постапка, се изгласани измени на закони кои се однесуваат на медиумите, без притоа да бидат земени предвид препораките и забелешките на стручната јавност и на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Во однос на Изборниот Законик, Агенцијата потенцираше дека уште минатата година, ги оцени како скандалозни измените со коишто платеното политичко рекламирање ќе се финансира од Буџетот на Република Македонија. Со последните измени, само се допрецизираат аспекти од начинот како ќе им се плаќа на радиодифузерите, но не се отстрануваат ниту овој ниту другите нотирани недостатоци.

Што се однесува, пак, до Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, беше потенцирано дека усвоените измени, кои се случија само еден месец по претходните измени, повторно не ги решаваат клучните проблеми. Останува фактот дека со бришењето на законските одредби кои го уредуваа времетраењето и периодот на емитувањето на рекламите на јавниот радиодифузен сервис, тоа не само што тоа не се ограничи, туку се постигна токму спротивното. Одредбата со која се предвидува дека јавните институции не смеат да предвидуваат средства за информирање и запознавање на јавноста со своите услуги преку комерцијалните радија и телевизии, останува беспредметна и несоодветна за овој закон зашто се однесува на јавните институции, а не на радиодифузерите.

Агенцијата истакна дека со членот со кој се регулира реемитувањето на странските канали воопшто не ги решава проблемите на кои оправдано укажуваа кабелските оператори и радиодифузерите. Одложување на примената на оваа одредба само го пролонгира очекуваниот резултат – исклучување на најголем дел од странските програмски сервиси од пакетите на кабелските оператори.

## Помалку исплатени средства од МИОА од законски утврдените

Советот на Агенцијата на седницата одржана на 8 февруари, одлучи да ја информира јавноста дека Министерството за информатичко општество и администрација, два месеца по ред, на Агенцијата и префрла помалку средства за финансирање на радиодифузната дејност за 2019 година, од законски утврдените.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И
АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ



# *NEWSLETTER*

## Започна мониторингот на изборното медиумското известување на радиодифузерите

Агенцијата на 9 февруари ги извести медиумите дека започнува со мониторингот на изборното медиумско известување на радиодифузерите, притоа потсетувајќи на рокот за достава на ценовници за платено политичко рекламирање за време на изборната кампања и нивно доставување до Агенцијата, Државната изборна комисија, Државниот завод за ревизија и до Државната комисија за спречување на корупцијата.

Агенцијата информираше дека на веб страницата е поставен посебен банер посветен на Изборите 2019 година, во кој се содржани Изборниот законик, Методологијата за мониторинг и линкот до формуларот за претставки за сите граѓани и правни субјекти кои имаат забелешки на известувањето на медиумите. Овде ќе се објавуваат и извештаите од сите констатирани прекршувања на Изборниот законик врз основа на кои ќе бидат поведени прекршочни постапки пред надлежните судови. Освен на македонски јазик, овој банер функционира и на албански и на англиски јазик.

## Апел до радиодифузерите за прилагодување на програмата во деновите на жалост

Поради големиот број човечки животи загубени во трагичната сообраќајна несреќа што се случи на патот Скопје – Тетово, 14 и 15 февруари беа прогласени за Денови на жалост.

Агенцијата ги повика радиодифузерите да ја прилагодат програмата, така што музиката ќе биде од жанрови соодветни за денови на жалост. Воедно, потсети дека емитувањето на забавни шоу програми, хумористични емисии или играна програма од жанрот комедија треба да се одложи за други денови од седмицата, а доколку тоа го дозволуваат веќе склучените договори, препорачливо е овие два дена да не се емитува рекламирање. Јавниот радиодифузен сервис и радиостаниците кои доброволно пријавиле дека ќе емитуваат одреден процент домашна музика од македонски автори и автори на етничките заедници, на 14 и 15 февруари беа ослободени од оваа обврска.

## Одземена дозволата за телевизиско емитување на ТВ Скопје, ТВ Канал 5 плус и ТВ К ТРИ

Поради неплатен годишен надоместок за дозволата за телевизиско емитување во законски утврдениот рок, на националната ТВ Канал 5 Плус, и на регионалните телевизии ТВ Скопје и К ТРИ Телевизија, им беше одземена дозволата за ТВ емитување.

## Надзори врз радиодифузери

Согласно Годишните планови за надзори за 2019 година, врз радио програмските сервиси на Јавниот сервис МРА 1, МРА 2 и МРА 3, извршен е редовен програмски и административен надзор. Програмскиот надзор ги опфати правилата за емитување аудио и аудиовизуелни комерцијални комуникации, правилата за обезбедување квизови, користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање, емитување игри на среќа, и за квотата за емитување изворно создадена музика. Кај МРА 1 и МРА 2 е констатирано неисполнување на квотата за изворно создадена музика.

Административниот надзор ги опфати обврските за емитување импресум, информации кои треба да се направат достапни до корисниците и обврската за емитување на знакот за идентификација на радиодифузерот најмалку еднаш во текот на еден реален час. Единствено, на програмата на МРА 3 емитувана на 16 јануари 2019 година, на одјавната шпица на информативната програма „Вести“ не се објавени податоците за импресум.

Редовен надзор е извршен и врз програмските сервиси МРТ 1 и МРТ 2, за законските одредби кои се однесуваат на употребата на јазикот во програмите, исполнување на квотата за дневно емитување на изворно создадена програма, импресум, информации коишто треба да се направат достапни на корисниците, идентификација на радиодифузер, правилата за заштита на малолетната публика и за комерцијалните комуникации. Надзорот покажа дека на програмата на МРТ 2, не беа објавени податоците со кои се идентификуваат авторите кои учествувале во подготовка на содржините, уредниците на програмите, името на медиумот од каде е преземена содржината итн.

За законските обврски кои се однесуваат на употребата на јазикот во програмата, дневно емитување најмалку 12 часа програма и емитување најмалку 30% дневно изворно создадена програма, извршен е надзор врз ТВ Канал 5, ТВ Сител, ТВ Телма, ТВ Алфа и ТВ Алсат М. Надзорот врз ТВ Канал 5 покажа, дека на програмата емитувана на 4 февруари 2019 година, делови од емисиите „Вчерашни новости“, „Зевзекманија“ и „Најдобри совети“, се емитувани на странски јазици, без превод на македонски јазик. Кај останатите радиодифузери не се констатирани прекршувања.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ



# NEWSLETTER

Врз истите радиодифузери извршен е и извршен е редовен надзор за правилата за емитување комерцијални комуникации, користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање и емитување игри на среќа. Прекршување на правилата за емитување комерцијални комуникации и рекламирање на поделен екран е констатирано кај ТВ Канал 5. Во однос на надзорот за обврските за емитување импресум, информации кои треба да се направат достапни до корисниците и обврската за емитување на знакот за идентификација на радиодифузерот, само кај ТВ Телма е утврдено прекршување на обврските за објава на импресум.

Со цел да се утврди дали радиодифузерите постапиле по претходно изречените мерки-опомена, врз 1 ТВ, ТВ компани 21-М и Лајф радио, извршен е контролен надзор за различни законски одредби. Надзорот врз 1 ТВ се однесува на обврските за обезбедување информации достапни до корисниците, обврските при обезбедување квизови и за пласирање производи. За обврските за обезбедување информации достапни до корисниците, надзор е извршен и врз Лајф радио и ТВ компани 21 – М. При надзорот не беа констатирани прекршувања.
Дополнителен контролен програмски надзор извршен е и врз 1 ТВ, кој покажа повторно прекршување на правилата за заштита на малолетната публика, односно промотивните најави за играните програми – серијалите „Викинзи“ и „Падот“, не беа обележани со визуелниот знак што ја сигнализира категоријата програмата што се најавува.

При вонреден програмски надзор врз ТВ Сонце, Агенцијата утврди дека во емисијата „Јади бурек“, не се почитувани начелата за вршење на дејноста, односно начелото кое се однесува на заштита на достоинството на личноста.
По добиена претставка извршени се два вонредни надзори. Едниот врз програмата на ТВ Телма, кој покажа дека играниот серијал „Животинско кралство“, е емитуван спротивно на правилата за заштита на малолетната публика, додека вториот врз програмата на МРТ 2 каде не беа констатирани прекршувања на посебните забрани од член 48 и на професионалните начела од член 61 од ЗААВМУ.

## Надзори врз оператори на јавни електронски комуникациски мрежи

При редовен програмски надзор за почитувањето на обврските за регистрација на програмски сервиси и титлување на програмските сервиси кои операторите ги реемитуват, врз операторите Траншпед Трејд, Оне.Вип, Кабел-Л-Нет и Инфел-КТВ, не се утврдени прекршувања на ЗААВМУ.

При контролен надзор врз операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Тотал ТВ, беше констатирано дека Тотал ТВ во својот програмски пакет сеуште го реемитува програмскиот сервис Palma Plus, кој не е регистриран во Агенцијата.

## Печатени медиуми

За почитувањето на обврските за објава на податоци на седиште, уредништво, одговорно лице на издавачот на печатен медиум, како и за адреса на печатница, број на печатени примероци и датум на печатење или препечатување на печатениот медиум, извршен е редовен административен надзор врз 22 издавачи на печатени медиуми. Надзорот покажа дека во целост е исполнета обврската од Законот за медиуми.